Друштво за хотелиерство,угостителство
туризам и трговија
ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД
Бр. 02 – 274/12
10.05.2019 година
Охрид

Врз основа на член 21 од Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија "ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид, член 333 од ЗТД, Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 10.05.2019 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за стекнување сопствени акции со откуп**

1. Се одобрува стекнување сопствени акции со откуп.
2. Стекнатите акции со откуп не можат да изнесуваат повеќе од 1/10 од основната главнина на Друштвото, заедно со сопствените акции кои Друштвото ги стекнало претходно, односно коишто ги држи.
3. Со стекнување на сопствени акции, не смее да се намали имотот на друштвото под износот на основната главнина и резервите на Друштвото.
4. Откупот на сопствените акции од точка 1 на оваа предлог-одлука ќе се изврши во рок од 12 месеци од денот на донесувањето на одлуката.
5. Правата од стекнатите сопствени акции мируваат.
6. Се овластува Генералниот директор во име на Друштвото, да ги презема и врши потребните активности околу купувањето на акциите преку Македонската берза на долгорочни хартии од вредност АД Скопје.
7. Минималната цена од која ќе се врши откупот на сопствените акции се утврдува на 100,00 денари за една акција, а максималната цена по која ќе се врши откуп се утврдува на 500,00 денари за една акција.
8. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач со Собрание

"ХОТЕЛИ - МЕТРОПОЛ" А.Д. Охрид

______________________